**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

## Индекс за квалитетот на живеење во светот

## (Мерсер консултантска куќа)

**СКОПЈЕ**

**Ранг: 152 од 221 град во светот**

На листата на американската консалтинг компанија Мерсер, која традиционално еднаш годишно објавува листа на најдобри градови за живеење, главниот град на Република Македонија Скопје го рангираше на 152 место од 221 град.



Најдобар град за живеење на светот, според листата, објавена минатата недела, е Виена, а најлош Багдад.

Во топ-10 најпожелни урбани центри на листата на „Мерсер“ се и канадскиот Ванкувер, Оукленд во Нов Зеланд, германските Дизелдорф, Минхен и Франкфурт, швајцарскиот Берн и австралискиот Сиднеј. Брисел е 14-ти, Берлин 16-ти, Париз 33, Токио 35, Лондон 38, Вашингтон 44, Њујорк 49, Рим 55, Москва 168.

Во регионот најдобро рангирана е Љубљана на 77 место, Загреб е 102, Букурешт 107, Софија 111, Белград 136. Зад Скопје се Сараево на 157 и Тирана на 173 место. Најлош град за живеење во светот е Багдад.

Листата на Мерсер ги рангира градовите според 39 критериуми, меѓу кои се политичка стабилност, здравствена заштита, стандардот, инфраструктурата, природната средина, историја на природни катастрофи, а како појдовна точка се зема Њујорк, кој со 100 поени се наоѓа на 49-то место.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk